Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 107/1
11-02-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-429 од 06.12.2021 година, поднесена од [redacted] од Штип, против Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Северна Македонија (УПОЗ) и претседателот на синдикатот [redacted] за извршена дискриминација врз основа на пол во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 10.02.2022 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на пол во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, од страна на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Северна Македонија (УПОЗ) и претседателот на синдикатот [redacted] кон [redacted]

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-429 од 06.12.2021 година, од подносителката [redacted] за сторена дискриминација врз основа на пол во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство од страна на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Северна Македонија (УПОЗ) и претседателот на синдикатот [redacted]

Согласно наводите од претставката, подносителката тврди дека Претседателството на Синдикатот на УПОЗ со нестатутарна Одлука бр.0201-525/5 од 15.11.2021 година ја разрешува од функцијата Потпретседател на Синдикатот на УПОЗ, член на Извршниот одбор на УПОЗ и Претставник на Апелационото подрачје Штип во Претседателството на УПОЗ. Како што било наведено во одлуката, истата била донесена поради постапување спротивно на Статутот на УПОЗ и одлуките на Претседателството на Синдикатот. Целта на оваа одлука која според подносителката е дискриминаторска, е ставање во неповолна положба и нејзино оневозможување да учествува во изборот за нов Претседател на Синдикатот на УПОЗ.

Понатаму, подносителката тврди дека во одлуката не е наведено со кои нејзини дејствија го прекршила Статутот на УПОЗ. Според неа, согласно Одлука бр.0201-459/3 од 20.10.2021 година за распишување избори во синдикалните организации, закажала и одржала избори при синдикалната организација на УПОЗ во Основен суд Штип. На изборното собрание на синдикалната организација на УПОЗ при Основен суд Штип, подносителката била избрана за Претседател на СО на УПОЗ при Основен суд Штип и предложена како кандидат за Претседател на Синдикатот на УПОЗ од членовите на СО. По добивање на довербата, [redacted] изготвила кратка биографија и програма за работа и истата ја доставила до синдикалните организации. Според тврдењето на подносителката, Претседателството издало насоки, според кои, поради нејзиното нестатутарно постапување, нејзината кандидатура не требало да биде земена во предвид. На крај, подносителката тврди дека со овој чин истата е ставена во нерамноправна положба, преку исклучување, разрешување, давање на лажни квалификации за деструктивно дејствување, односно дека со таа постапка претрпела дискриминација врз основа на пол.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 10.12.2021 година испрати Барање за изјаснување бр. 0801-429/2 за произнесување по наводите на претставката до Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Северна Македонија (УПОЗ) и претседателот на синдикатот[redacted]. На 27.12.2021 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на барањето за изјаснување од страна на потенцијалниот дискриминатор, заведен под архивски број 0801-429/3.

Во одговорот се негира секаков дискриминаторски однос кон подносителката базиран врз следната аргументација. Прво, во однос на тврдењето дека одлуката е нестатутарна поради бројот на променети членови во составот на Претседателството, како што е наведено во одговорот, поради тоа што 5 членови на Претседателството заминале на нови работни места кои не се во делокругот на работа на синдикатот, настанала потреба од именување на нови членови на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ за кои подносителката позитивно се изјаснила, без опструкции од нејзина страна. Понатаму, во одговорот е наведено дека на Дваесет и осмата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ одржана на ден 20.10.2021 година, во однос на точката на дневен ред за именување и кандидирање на можни кандидати за претседател, иако имала таква можност, [redacted] не истакнала своја кандидатура и не дала предлог за друг кандидат. Во однос на кандидатурата на Генералниот секретар на УПОЗ за претседател на синдикатот, подносителката не гласала против и се изјаснила како воздржана.

Па така, со истакнување на сопствена кандидатура и програма за работа преку мејл комуникација, во одговорот е наведено дека е сторено прекршување на член 29, став 1, точка б) и на член 56, став 1, точка ж) од Статутот на УПОЗ . Со својата постапка, подносителката делувала спротивно на Одлука бр.0201-459/3 од 20.10.2021 година, за распишување на синдикални избори во рамки на синдикалните организации и Синдикатот на УПОЗ. Дополнително, како член на Извршниот одбор и Потпретседател на УПОЗ, со неспроведување на одлуките на синдикатот, како и преку несоодветното спроведување на

активностите на УПОЗ, во одговорот е наведено дека подносителката извршила повреда на член 41, став 1, точка б) и член 61, став 3, точка в) од Статутот на Синдикатот на УПОЗ. Поради наведените прекршувања на Статутот на УПОЗ, со Одлука бр.0201-525/5 од 15.11.2021 година, подносителката била разрешена од функциите Потпретседател на УПОЗ, член на Извршниот одбор и Претставник на Апелационото подрачје Штип во Претседателството на УПОЗ.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледување на претставката, достапните докази, како и на одговорот на претставката, утврди дека не можат да се најдат факти за извршена полова дискриминација во конкретниот случај. Подносителката на претставката не била доведена во понеповолна ситуација, со оглед на фактот што истата повеќекратно извршила прекршување на одредбите од Статутот на Синдикатот на УПОЗ. Следствено на тоа, не постои никаков основ за понатамошно постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
10.02.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до :
- [redacted]Штип
- Синдикат на УПОЗ- ул.12-та ударна бригада 2а, Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk